**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осмото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 октомври 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,46 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието.

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги пратеници, бидејќи во меѓувреме добивте едно известување. Јас сега би ве замолил ова што го баравте пред малку да не правиме пауза, бидејќи се работи само за една точка која е поврзана со ова што го поминавме. По изгласување на таа точка ќе можеме технички да се потпишеме во списокот за присутни пратеници во салата.

Ви благодарам колеги пратеници за разбирањето.

Продолжуваме со работа по 53-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Арбен Џафери, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Илинка Митрева, Лазар Китановски, Јани Макрадули, Стојан Андов, Бесим Догани, Абдуљади Вејсели, Тито Петковски, Фијат Цановски и Радмила Шекеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 17 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за плати и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за плати и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именуваени лица во Републиката.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници од кои 57 гласале за, еден воздржан, еден против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претересе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале гласале 59 пратеници, од кои 58 гласале за, нема воздржани, еден гласал против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 1 за менување на став 1 на новиот член 29-б и за додавање нов член 32-а по членот 32 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандмани на член 29-б став 1 за менување на воведната реченици и за заменување на местата на членот 29-б и членот 29-г со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска поднесоа амандман на член 1 за менување на новиот член 29-б по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на новиот член 29-б, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Затоа што овој амандман е опфатен во амандман, суштината, во амандманот на Владата, амандманот не е прифатен.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеник госпоѓа Јаневска Весна, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине потпретседателе.

Станува збор за амандман кој што ние го поднесовме пред Владата да ги направи измените во предложениот текст на законот на барање на, исклучиво, сите советници од градот Скопје од сите пратенички групи, значи кои се застапени во Советот на градот Скопје и од огромен дел на советници кои се наоѓаат низ Република Македонија, кои исто така припаѓаат на повеќе пратенички гурпи.

Советниците на сите општини од градот Скопје и Градот Скопје неколку пати се обратија не само до мене туку и до други пратеници на ова Собрание и во договор со нив сметавме дека ќе биде праведно да го предложиме овој амандман за да можеме да постигнеме некаков баланс за работа на советниците. Значи кога го поднесовме овој амандман со кој верувам дека и сум согласна дека делумно е вклопен во новиот текст на законот, сметавме дека е значајно затоа што Република Македонија кога влегува во втората фаза во процесот на децентрализација и тоа е таканаречена суштинска фаза на

децентрализацијата. Со влегувањете на оваа фаза на децентрализацијата единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје претставуваат вистински облик на непосредна власт која е најблиска по своето ниво до граѓаните. Од друга страна, со пренесувањето на делот на надлежностите од централанта на локаланта власт потребни се силни кадри со соодветен профил на едукација и степен на знаење, вештини и стручност кои би биле советници и би можеле во целина да одговараат на новите предизвици. Тоа беше побудата, но со оглед на тоа дека Владата се потрудила да го разгледа овој амандман и да го измени текстот на законот јас амандманот го повлекувам. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од кои 64 гласале за, нема воздржани, еден гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката.

Овде завршуваме со денешна работа почитувани колеги пратеници.

Ве молам она што го рековме на почетокот да се потпишеме, а за продолжението ќе бидете дополнително известени.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 12,55 часот)